# „Кога оној што поминува пред клањачот би знаел каква казна го чека, би му било подраго да стои четириесет отколку да помине пред него.“

Буср бин Сеид пренесува дека Зејд бин Халид ел-Џухени, Аллах нека е задоволен со него, го испратил кај Ебу Џухејм, Аллах нека е задоволен со него, да го праша што слушнал од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, во врска со оној што поминува пред клањачот. Ебу Џухејм рекол: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога оној што поминува пред клањачот би знаел каква казна го чека, би му било подраго да стои четириесет отколку да помине пред него.“ Ебу ен-Недр рекол: „Не знам дали рекол: четириесет дена, месеци, или години.“

[صحيح] [متفق عليه]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, предупредил на поминување пред оној што клања, било задолжителен или доброволен намаз, и појаснил дека кога оној што намерно го прави тоа би знаел каков грев го чека, би избрал да стои четириесет, бидејќи тоа е подобро за него отколку да помине пред клањачот. Ебу ен-Недр, пренесувачот на хадисот, рекол: „Не знам дали рекол четириесет дена, месеци или години.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee